Република Северна Македонија
**Министерство за животна средина и просторно планирање**

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor**

10 -12- 2019

УПРАВА ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА
DREJTORIA PËR MJEDIS JETËSOR

Врз основа на член 24 став 7 од Законот за животна средина (Службен весник на Република Македонија бр. 53/2005, 81/2005, 24/2007, 159/2008, 83/2009, 48/2010, 124/2010, 51/2011, 123/2012, 93/2013, 42/2014, 44/2015, 129/2015 и 39/2016), постапувајки по барањето на инвеститорот АД "ЕЛЕКТРАНИ НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА" од Скопје, за одобрување на Елаборат за заштита на животната средина број УП1-11/4-1425/2019 од 08.10.2019 година, Директорот на Управата за животна средина при Министерството за животна средина и просторно планирање го издава следното

# РЕШЕНИЕ
## За одобрување на Елаборат за заштита на животната средина

1. Со ова Решение се одобрува Елаборат за заштита на животната средина со технички број ЕЖС_117_09/19 од 2019 година, изготвен од страна на ДГПУ "ГЕИНГ Кребс унд Кифер Интернешнл и др." ДОО од Скопје, за проект: Изградба на фотонапонска електроцентрала на локација РЕК Битола – ФЕЦ Битола 1 во општина Новаци, за потребите на инвеститорот АД "ЕЛЕКТРАНИ НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА" од Скопје.

2. Од доставената документација констатирано е дека со изведбата и функционирањето на проектот: Изградба на фотонапонска електроцентрала на локација РЕК Битола – ФЕЦ Битола 1 во општина Новаци, нема да има значителни влијанија врз животната средина.

3. Инвеститорот се задолжува целосно и без исклучоци да се придржува кон пропишаниот режим и мерки за заштита предвидени во Елаборатот за заштита на животната средина, како и кон дополнителни решенија до колку низ изведбата и функционирањето на проектот се покаже потреба од зголемен обем и вид на превенција.

4. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето.


Министерство за животна средина и просторно планирање
на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit
hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

10 -12- 2019

УПРАВА ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА
DREJTORIA PËR MJEDIS JETËSOR

**Образложение**

Од Ваша страна беше доставен Елаборат за заштита на животната средина за проект: Изградба на фотонапонска електроцентрала на локација РЕК Битола – ФЕЦ Битола 1 во општина Новаци, за потребите на инвеститорот АД "ЕЛЕКТРАНИ НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА" од Скопје.

Локацијата на која е предвидена изведбата на проектот: Изградба на фотонапонска електроцентрала на локација РЕК Битола – ФЕЦ Битола 1 е во непосредна близина на термоелектраната ТЕЦ РЕК Битола во општина Новаци.

Површината на која ќе биде изведен проектот изнесува 40 ha. Инсталирана моќност на фотонапонска електроцентрала – ФЕЦ Битола 1 изнесува 20 MW.

Предметниот Елаборат за заштита на животната средина е изготвен согласно Правилникот за формата и содржината на Елаборатот за заштита на животната средина согласно со видовите на дејностите или активностите за кои се изработува елаборат, како и согласно со вршителите на дејноста и обемот на дејностите и активностите кои ги вршат правните и физичките лица, постапката за нивно одобрување како и начинот на водење на регистарот за одобрени Елаборати (Службен весник на Република Македонија бр. 44/2013 и 111/2014), од страна на ДГПУ "ГЕИНГ Кребс унд Кифер Интернешнл и др." ДОО од Скопје.

**Правна поука**: против ова Решение може да се поднесе жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на решението до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

Република Северна Македонија, Министерство за животна средина и просторно планирање, Скопје — Republika e Maqedonisë së Veriut, Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor, Shkup

Директор на
Управа за животна средина
Xhezmi Saliu

Изработил: Влатко Цветаноски
Контролирале: Дејана Тодоровска
Александар Петковски
Согласен: Билјана Петкоска


Министерство за животна средина и просторно планирање
на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit
hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk